# ДЕНЕС
# DENES

ГОДИШНАНАГРАДАЗА 3
МЛАДИЛИКОВЕНУМЕТНИК
YOUNGVISUALARTIST 1
ANNUALAWARD

ANNUALAWARD
YOUNGVISUALARTIST 0
МЛАДИ...




## ДАРКО АЛЕКСОВСКИ / BOÎTE

Boîte (француски збор за кутија) е дело директно инспирирано од „Малиот принц" на Антоан де Сент-Егзипери, односно од една од илустрациите во книгата. Boîte претставува фактичка реконструкција на познатата кутија со овца од книгата.
Како и во книгата, ова дело реферира на простор создаден од фрустрација, во обид да се нацрта идеалната овца. Авторот црта една кутија во која овцата е имагинарна, односно оставена на имагинацијата на гледачот. Просторот (кутијата) создаден од оваа фрустрација укажува на фактот дека предметот не е секогаш важен, односно тој може да биде дефиниран и интерпретиран од страна на оној што гледа, но и од страна на просторот во кој тој предмет е сместен.
Делото Boîte зборува за една честопати погрешна асоцијација на уметноста со создавање предмети и објекти кои самите се носители на истата таа уметност. Во овој случај, таа предметност е заменета со една затворена кутија која е посредник на предметноста, односно чувар на предмет што не се гледа, но може да се замисли.

## DARKO ALEKSOVSKI / BOÎTE

Boîte (French word for box) is directly inspired by "The Little Prince" by Antoine de Saint-Exupéry, namely by one of the book illustrations. Boîte is a factual reconstruction of the sheep in a box image from the book.
As in the book, this work refers to a space created out of frustration, in the attempt to draw the perfect sheep. The author draws a box in which the sheep is non-existent and left to be imagined by the viewer. The space (the box) created out of this frustration points to the fact that the object is not that important and can be always defined and interpreted by the viewer, but also by the space in which it is located.
The work Boîte also speaks about a common disassociation of art as only object producing work, which are bearers of art itself. In this case the objectivity is switched with a medium, i.e. a container of an object that cannot be seen, but imagined.

**Darko Aleksovski** (1989, Macedonia) graduated at the Faculty of Fine Arts (Ss. Cyril and Methodius University) - BFA in Painting and Graphic Design in Skopje, Macedonia. Currently he is finishing postgraduate studies - Cultural Studies, Institute for Social Sciences and Humanities in Skopje, Macedonia.
**Solo Exhibitions:** 2012 - Inbox 1, Hirvitalo- Center of Contemporary Art Pispala, Finland ; - Home, Museum of the City of Skopje. Skopje, Macedonia ; 2011 - 3-Three (together with K. Sokolova and S. Manceva), Gallery 7. Skopje; 2010 - [RE] FRAME (together with K. Sokolova and S. Manceva), Damar. Skopje
**Group Exhibitions and Projects (Selection):** 2013 - Elegy for Ramno, (with Dragana Zarevska, Jasna Dimitrovska and Rebecca Chentinell). Skopje, Macedonia; - Biennial for Young Artists, Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia; - Mediterranea 16 Young Artists Biennial, Ancona, Italy;
2012 - Pixelversity, research-based international project, transdisciplinary platform for experimental art, design, research and activism. Helsinki, Finland (ongoing); - Listening to the Audience. Bitola, Macedonia; - bm:ukk Aritist in Residence Program 2012, Group exhibition of all participating artists. Vienna, Austria ; 2011 - George Maciunas and beyond: Fluxus never stops, Kaunas Biennial, Kaunas, Lithuania; - In_треш, short movies festival, Pancevo, Serbia; - One Minute Film & Video Festival (special selection), Aarau, Switzerland; - Migration to Europe: Can it Work for Development?, The Czech Council on Foreign Relations, Prague, Czech Republic, Brussels, Belgium; - In the mind's I, Collaborative Performance at the Faculty of Fine Arts, mentored by Warren Neidich; 2010 - GIGUK, Video Art Festival, Giessen, Germany

**Contact:**
E-mail: darko.gregor.aleksovski@gmail.com
Web: http://darkoaleksovski.blogspot.com/



## ФИЛИП ЈОВАНОВСКИ / МРТВА ПРИРОДА: ОД КОЛЕКЦИЈАТА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА ОДИ ВО РАЈОТ

A still life is a real life.
Robert Wilson

Проектот претставува мала архива од неколку претходни авторски проекти коишто го преиспитуваат контекстот на граѓанската непослушност, како мали интими на новата револуција/промена којашто повикува во конкретниот локален но и глобален политички контекст, особено истакнат со случувањата во последните 2 години.
Мртва природа: од колекцијата работничката класа оди во рајот како контрапункт на Марксистичките тези за социјална слобода и рамноправност, го „користи" митот за недостижната состојба во рајот наспроти конструираните/дизајнирани митологии за националната историја и идентитет, се со цел да ја истакне важноста на материјалната слобода на човекот како централен елемент околу кој треба да се формираат неговите права и слободи.
Сигурно е лесно за држава којашто секојдневно „произведува" митови да ги прати работниците во рајот. Зар е тоа договорот за работа? Тоа им ветиле? Зар нивните идеи зависат само од нивната материјална состојба? Значи ли тоа дека треба да го издржат пеколот на земјата за да „одат" во рајот?
Или пак обратно, нивната материјална состојба зависи од идеите за кои на други им требаат средства колку илјадници животи на овие работници?
Идеите/соништата се крајниот политички чин, „во најмала рака затоа што додека спијат можат да сонуваат за нешта коишто им се забранети да ги прават додека се на работа, истото што го прави било кој што во моментот е во доминантна позиција на моќ. Секој е работник, секој има свои идеи!!
Еднаш го прашале Брехт „Што мислите, како изгледа рајот? Зар таму сме ослободени од материјалните ограничувања?" Брехт одговорил „Не знам, прашајте ги работниците!"

## FILIP JOVANOVSKI/ STILL LIFE: A COLLECTION FROM THE WORKING CLASS GOES TO HEAVEN

A still life is a real life.
Robert Wilson

The project is a small archive of several projects questioning the context of civil disobedience as a small intimate of the new revolution / change which calls in particular local and global political context, especially with prominent events in the last 2 years.

Still life: a collection of working class goes to heaven as a counterpoint to the Marxist thesis of social freedom and equality "use" the myth of paradise unattainable condition versus constructed/designed mythologies of national history and identity, in order to emphasize the importance of material freedom of the individual as the central element around which to form his rights and freedoms.
Sure is easy for State that daily "produce" myths to send workers in Heaven. Is it a contract with them? They promised that? Does their ideas depend only on their financial situation? Does that have to endure hell on earth to "go" to heaven?
Or conversely, their financial situation depends on the ideas of others who need funds as thousands of lives of these workers?
Ideas / dreams are the ultimate political act, at least they can dream of things that are forbidden to do while at work, the same are doing those who are in a dominant position of power in the moment. Everyone is worker, everyone has their own ideas!!
Brecht once asked, "What do you think, how the heaven look like? Is it free from material constraints?"
Brecht replied "I do not know, ask the workers!"

**FILIP JOVANOVSKI**, (born in Bitola,1979) is an visual artist. He graduated at the Faculty of Architecture in Skopje (2010). He is currently completing his post graduate studies at the Faculty of Fine Arts, main course - painting in Skopje (2012). He realized solo exhibitions and projects in Bitola (2010), Zagreb ( 2010) Berlin (2011). He took part in numerous group exhibitions: Biennale of young artists (2009/2011/2013); SeaFair - Museum of contemporary art in Skopje (2010); Perforacije Festival in Zagreb (2010); Festival "Synchronized cities" (2010) and other video and theatre festivals in the country and abroad (Prisina, Zagreb, Belgrade,Tokyo and Ljubljana).He is the Macedonian representative of the Prague quadrennial for stage design and space (2011). In his work he explores the borders among different media and their interdisciplinary connection – theatre, video, film and spatial installations. His artworks are transformation of political and social categories in spatial pictures. He is also the artistic director of the AKTO festival for contemporary arts in Bitola, and one of the founders of the initiative for new practice in visual arts KOOPERACIJA.

**Contact:**
E-mail: filipsj@gmail.com
Tel: ++ 389 70 700 998



## ЗОРИЦА ЗАФИРОВСКА / ТРАДИЦИОНАЛНО ИЗРАБОТЕНА ПРЕКРИВКА

Оваа рачно изработена прекривка се однесува на женскиот дискурс во нашето општество, во кое жените постојано активно се објективизираат, каде сè уште постои тенденцијата жената да се цени само во улогата на сопруга и мајка на нацијата...
Ова рачно изработено дело се обидува да посведочи за натурализираното насилство со кое се соочуваат жените на кои недостигаат основните човекови права, правото да одлучуваат самите за себе, за сопствената религија, за сопственото тело и мислење... Оваа прекривка за кревет не се обидува само да ги разбие вкоренетите традиционални вредности, туку се обидува да ги лоцира и новите начини на шовинистичко општество во семејството/средината/државата кои сè уште ги приморуваат жените да се потчинат, раѓаат, работат и молчат, и да ги почитуваат и спроведуваат истите како принципи!

## ZORICA ZAFIROVSKA/ HAND KNITTED COVER

This work refers to the female discourse in masculine society where women are actively encouraged to objectivize themselves and where women are appreciated only upon their role as the wife of a man and mother of the nation...
This hand knitted cover is trying to be more than just a bed cover it is trying to be a testimony to the naturalised violence that women suffered and the lack of their human rights of deciding for themselves, state of mind, religion, political evolvement and position in society and especially their own body.
This bed cover is trying to break the traditional values, also the new established ways of a chauvinists society, which is deeply rooted in family/society/state, keeping the women under the principles - to give a birth, work, obey, honor and keep quiet!

**Зорица Зафировска** родена 1982 во Скопје. Дипломирала сликарство и педагогија на Факултетот за ликовни уметности на Универзитетот Свети Кирил и Методиј.
Визуелен и концептуален уметник чии дела опфаќаат широк спектар на социјални и научни теми, генетски истражување и консумеризам.
Работи и се изразува со сопствен вокабулар во повеќе различни медиуми, цртежи и истражувања, конекстуализирани објекти, инсталации од човечка коса и крв.
Работи истражувања кои се однесуваат на трговија со луѓе на глобално ниво, а посебно се истражува на темата деца на улица, во регионот на град Скопје.
Имала шест самостојни изложби во Македонија и повеќе групни во Европа, Азија и Америка.
Работи и живее во Скопје.

**Zorica Zafirovska** born 1982 in Skopje. Graduated in Painting and Pedagogy at Faculty of Fine Arts at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje.
As a visual and conceptual artist her works are driven by wide spectrum of areas like social, scientific topic, genetic development and consumerism. She works within different medias, drawings and researches, contextualized ready made objects, installations of unconventional materials like a human hair and blood all esplicified in her own vocabulary. In her last works on socio-political topics by using subversive approach, she executes large scale installation or minimalistic realization works.
Some of her most important works are constituted from research concerning lucrative human trafficking worldwide, specifically children on the streets in the city of Skopje, Macedonia.
She has 6 solo exhibitions and many more group ones in Macedonia and abroad.
Lives and works in Skopje, Macedonia.

**Contact:** zoricazafir@gmail.com; www.wix.com/zoricazafir/portfolio



## МАРКО МАНЕВ / МИКРО-МАКРО ДВОЈНОСТ

Проектот „Микро-макро двојност"составен од 1000 црни сфери (3,8 см) суспендирани во простор кои формираат коцка (225 см), го обработува проблемот на микрокосмосот и макрокосмосот и нивната корелација, односно проблемот на субјективното и објективното. За да ги осознаеме и објасниме најголемите космички појави ги истражуваме најмалите честици. Одговорот на глобалните социолошки прашања се наоѓа во комплексноста на индивидуата. Субјективниот проблем гледан низ призмата на објективното или обратно, дава низа на информации кои водат кон оформување на целосна слика за нештата.

## MARKO MANEV / MICRO-MACRO DUALITY

The project "Micro-Macro Duality" comprised of 1000 black spheres (3,8cm) suspended in mid air, forming a large cube (225cm), addresses the problem of the microcosm and the macrocosm and their correlation, i.e. the problem of the subjective and the objective. In our effort to comprehend and explain the lapgest cosmic phenomenons, we research the smallest sub-atomic particles. The answer for the global questions is found in the complexity of the individual. The subjective problem seen through the prism of objectivity and vice versa, gives an array of information that leads to a more complete solution.

**Marko Manev**, born 1985 in Skopje, Macedonia. He graduated in 2010 at the University of "Ss. Cyril and Methodius" at the Faculty of fine arts. Manev has working experiance in marketing agencies and has initiated and taken part in several NGOs and cultural organizations. Manev is an active artist in the fine art scene. Currently he is working as a freelance designer and illustrator
**Solo exhibitions:** 2010 - Skopje (Macedonia), Superiority Project, National Gallery of Macedonia, Multimedia Center "Mala Stanica"; 2011 - Skopje (Macedonia), Pilot, National Gallery of Macedonia, Multimedia Center "Mala Stanica"; 2012 – Skopje (Macedonia), Marvel Minimalist Posters, Kafe Li; 2012 - New York (USA), Cognosense, MC Gallery; - Skopje (Macedonia), Absolute Blackbody: 2nd Iteration, Museum of the City of Skopje "Open Graphic Art Studio"; 2013 - Skopje (Macedonia), Superhero Noir, Kafe Li;
**Group exhibitions:** 2003 - Skopje (Macedonia), Patoteka, City Park; 2006 - Skopje (Macedonia), Site vo Pogon, Technical Center "Narodna Tehnika"; - Skopje (Macedonia), White Night, Cultural-Informative Center; - Skopje Macedonia), Urban Art Festival, National Gallery of Macedonia, Multimedia Center "Mala Stanica"; 2008 - Bari (Italy), XIII Edition of BJCEM, Fiera del Levante; 2012 - Skopje (Macedonia), Space, Alternative Art Space; -Skopje (Macedonia), Creative Industries, Billboards throughout the City;

**Марко Манев** е роден во 1985 година во Скопје. Дипломирал во 2010 година на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, педагошки отсек со насока сликарство. Манев има работно искуство во маркетинг секторот како и во невладиност сектор за култура и уметност. Манев е активен ликовен уметник и работи како дизајнер и илустратор.
**Самостојни изложби:** 2010 - Скопје (Македонија), Superiority Project, НГМ Мултимедијален центар „Мала Станица"; 2011 - Скопје (Македонија), Пилот, НГМ Мултимедијален центар „Мала Станица"; 2012 - Скопје (Македонија), Marvel Minimalist Posters, „Кафе Ли"; 2012 - Њу Јорк (САД), Cognosense, MC Gallery; - Скопје (Македонија), Апсолутно црно тело 2ра итерација, Музеј на град Скопје „Отворено графичко студио"; 2013 - Скопје (Македонија), Superhero Noir, „Кафе Ли"
**Групни изложби:** 2003 - Скопје (Македонија), Патотека, Гратски парк; 2006 - Скопје (Македонија), Сите во Погон, Технички центар „Народна техника"; - Скопје (Македонија), Бела ноќ, Културно информативен центар; - Скопје (Македонија), Урбан арт фестивал, НГМ Мултимедијален центар „Мала Станица" – 2008 - Бари (Италија), XIII Edition of BJCEM, Fiera del Levante; 2012 - Скопје (Македонија), Простор, Алтернативен уметнички простор; - Скопје (Македонија), Креативни индустрии, Билборди низ градот

**Contact:**superiorityproject@gmail.com; www.markomanev.com

**ГОДИШНА НАГРАДА ЗА МЛАД ЛИКОВЕН УМЕТНИК ДЕНЕС**

Партнери во проектот:
Фондација за цивилно општество, Њујорк, САД
Фондација Институт отворено општество – Македонија
Младински културен центар - Скопје

**Координатори на проектот:**
Анита Ивковиќ, историчар на уметноста
Никола Писарев, историчар на уметноста

**Жири:**
Елена Велјановска, историчар на уметност
Велимир Жерновски, уметник
Мира Гакина, историчар на уметност
Sara Reisman, куратор (САД)

**Издавач:**
Центар за современи уметности – Скопје
За издавачот: Анита Ивковиќ
Графичко–техничко обликување: Fusion
Печат: Fusion
Копии: 300
Скопје, 2013

**YOUNG VISUAL ARTIST ANNUAL AWARDS DENES**

**Partners of the project:**
The Foundation for a Civil Society, New York, USA
Foundation Open Society Institute Macedonia
Youth cultural center - Skopje

**Coordinators of the project:**
Anita Ivkovic, art historian
Nikola Pisarev, art historian

**Jury:**
Elena Veljanovska, art historian
Velimir Zernovski, artist
Mira Gakina, art historian
Sara Reisman, curator (USA)

**Publisher:**
Contemporary Art Center – Skopje
Editor in chief: Anita Ivkovik
Lay – out: FUSION
Printed by: FUSION
Copies: 300
Skopje, 2013

ISBN 9989-745-82-1
©2013 by CAC - Skopje

Изложбата е финасиски поддржана од:
Град Скопје и Министерство за култура на Р. Македонија
The Exhibition is financial supported by City of Skopje and
Ministry of culture of R. Macedonia

CAC the contemporary art center

Министерство за култура

Младински Културен Центар Youth Cultural Center

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

The Foundation
For a Civil Society
New York, USA

2 ГОДИШНАНАГРАДАЗА ЛИКОВЕНУМЕТНИК